РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА
ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР
Бр. 03-378/1
17.07. 2013 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО
Бр. 03-1229/1
17.07. 2013 год.
СКОПЈЕ

*Долупотпишаните страни заради понатамошен развој и подигнување на степенот на соработка во иднина, взаемно ја утврдија и усогласија содржината на следниот*

**МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**

помеѓу

**АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО**

претставувана од директорот д-р Дејан Мојсоски

и

**АГЕНЦИЈАТА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР**

претставувана од директорот Никола Костадиновски

**Член 1**

Со овој меморандум се утврдува деловно-техничката соработка помеѓу Агенцијата за цивилно воздухопловство, со адреса ул. Даме Груев бр.1, Скопје и Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, со адреса на ул. Св. Кирил и Методиј бр. 52/1-4, Скопје (во понатамошниот текст: страни на меморандумот) во врска со прашања поврзани со своите надлежности.

**Член 2**

Предмет на деловно-техничката соработка од член 1 на овој меморандум се активности кои имаат за цел унапредување и развој на воздушниот и железничкиот сообраќај во Република Македонија и истите опфаќаат:

1) транспозиција на прописите од Европската унија преземени согласно мултилатералните спогодби ратификувани од страна на Република Македонија;

2) имплементација и надзор на примената на домашното законодавство од областа на воздушниот и железничкиот сообраќај во Република Македонија и

3) соработка и промоција на мултимодалниот систем во воздушниот и железничкиот сообраќај и усогласување на националните стратегии со статегиите за развој на транспортот и заштита на животната средина како на ниво на Европската унија, така и на глобално ново.

**Член 3**

Деловно-техничката соработка од член 2 на овој меморандум ќе се одвива особено преку:

- соработка, консултација, размена на информации и практики од делокругот на работа на страните на меморандумот;

- формирање на заеднички групи за извршување на активности од надлежност на страните на меморандумот со цел пружање на меѓусебна техничка помош;

- организирање на друг вид меѓусебна техничка помош помеѓу страните на меморандумот и

- воспоставување на протокол за меѓусебно надоместување на трошоците настанати во процесот на реализација на меѓусебната соработка и техничка помош.

**Член 4**

Страните на меморандумот се согласни најмалку еднаш годишно да организираат заеднички состаноци заради разгледување на резулатите од реализацијата на деловно - техничката соработка определена во член 2 на овој меморандум, како и заради предлагање на мерки за подобрување на постојната соработка и утврдување на нови области за соработка.

**Член 5**

Содржината на овој меморандум може да се менува само со анекс потпишан од страна на овластени лица на страните на меморандумот. Секоја од страните на меморандумот може да го прекине истиот со писмено известување на другата страна на меморандумот најмалку 30 дена претходно.

**Член 6**

Овој меморандум е составен во два оригинални примероци, по еден за секоја од страните на меморандумот.

**Член 7**

Овој меморандум влегува во сила со денот на потпишувањето.

за Агенцијата за цивилно воздухопловство

ДИРЕКТОР

д-р Дејан Мојсоски

за Агенцијата за регулирање на на железничкиот сектор

ДИРЕКТОР

Никола Костадиновски